Петта работна верзија

на

# *ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

***Скопје, 03.12.2009 год***

## Предлог на Закон за инспекциски надзор

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот
### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, организацијата на инспекциските органи, правата и должностите на инспекторите, правата и должностите на субјектите на надзорот, постапката за вршење на инспекциски надзор и други работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор.
(2) Одредбите на овој закон се однесуваат на инспекторите во инспекциските служби кои се организирани како органи во состав на министерствата(во натамошниот текст:инспекторати), или како организациони единици во рамките на другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа.
(3) Одредбите на овој закон не се применуваат кога предмет на надзорот се класифицирани информации, лични податоци, како и документи кои се однесуваат на заштитата на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија, кога тоа е утврдено со закон.

### Значење на изрази употребени во овој закон
### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

**ИНСПЕКЦИСКИ ОРГАНИ** се инспекторатите, организационите единици во рамките другите државни органи кои имаат инспекциски надлежности и организационите единици во рамките на единиците на локалната самоуправа кои имаат инспекциски надлежности.

**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** е надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на законите од страна на државните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, трговските друштва, установите и правните и физичките лица над кои се врши надзор, како и изрекување на управни мерки и санкции со цел отстранување на утврдените неправилности.

**ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА** е специфичен вид на постапка уредена со овој закон, со Законот за општата управна постапка или со друг посебен закон која го регулира постапувањето на инспекторите при вршењето на инспекцискиот надзор.

**ИНСПЕКЦИСКИ АКТИ** се сите оние акти и дејствија кои што инспекторите ги донесуваат и преземаат во инспекциската постапка.

**ИНСПЕКТОРИ** се службени лица со посебни овластувања и одговорности утврдени со закон кои вршат инспекциски надзор.

**СУБЈЕКТ НА НАДЗОРОТ** се државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, фондации и здруженија на граѓани, правните и физичките лица над кои се врши надзор.

**ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ** се управните или мерките предвидени со посебен закон кои ги изрекуваат инспекторите при инспекцискиот надзор заради отстранување на утврдените недостатоци.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

### Начело на законитост
### Член 3

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите се должни да постапуваат согласно со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и другите прописи донесени врз основа на закон.

### Заштита на јавниот интерес
### Член 4

(1) Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел остварување и заштита на јавниот интерес, кокои и интересот на физичките и правните лица кога тој е во согласнот со јавниот интерес.
(2) Постапката на инспекцики надзор се започнува и се води по службена должност.
(3) Секој може да поднесе иницијатива за поведување на постапка на инспекциски надзор.

### Начело на еднаквост, непристрасност и објективност
### Член 5

(1) Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.
(2) Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се должни работите да ги вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено, непристрасно.

**Начело на материјална вистина**
**Член 6**

(1) Инспекторот по службена должност ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор.
(2) Субјектот на надзорот, во текот на постапката на инспекцискиот надзор може да предлага и да поднесува докази кои се од значење за утврдување на целосната фактичка состојба.

**Начело на сослушување на субјектите на надзорот**
**Член 7**

Пред преземањето на инспекциските мерки за отстранување на недостатоците во субјектите на надзорот, инспекторите се должни да им дадат можност на субјектите на надзорот да се изјаснат за фактите и околностите кои се утврдуваат при инспекцискиот надзор.

**Начело на самостојност**
**Член 8**

Инспекторите работите на инспекцискиот надзор ги вршат самостојно, во рамките на своите овластувања утврдени со закон.

**Начело на јавност**
**Член 9**

(1) Инспекцискиот надзор е јавен.
(2) Инспекциските служби во рамките на своите овластувања утврдени со закон ја информираат јавноста за својата работа.
(3) Инспекциските служби се должни да ја информираат јавноста за утврдените состојби и неправилностите утврдени кај субјектите на надзорот при вршење на инспекцискиот надзор како и за преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на животот и здравјето на физичките лица или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

**Начело на пропорционалност**
**Член 10**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги преземаат само оние инспекциски мерки согласно закон, кои се неопходни за успешно извршување на инспекцискиот надзор,и за отстранување на утврдените недостатоци при што се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектите на надзорот.
(2) При определувањето на рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководи според тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на

трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани недостатоците.

**Начело на превенција**
**Член 11**

Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите првенствено вршат превентивна функција, а ги изрекуваат управните мерки и санкциите тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

**Начело на субсидијарност**
**Член 12**

(1) Одредени прашања во врска со инспекцискиот надзор може да се уредуваат со посебни закони.
(2) Во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

## III. ИНСПЕКЦИСКИ ОРГАНИ

**Организација на инспекциските органи**
**Член 13**

(1) Инспекторите работите на инспекцискиот надзор ги вршат во рамките на инспекциските органи, кои се формирани за одделни управни подрачја.
(2) Инспекциските органи се организираат како инспекторати, или како организациони единици во рамките на другите органи на државната управа, или во рамките на единиците на локалната самоуправа.

**Раководење на инспекциските органи**
**Член 14**

(1) Со инспекторат раководи директор на инспекторатот (во натамошниот текст: директор), кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
(2) Со организационата единица организирана како инспекциска служба во рамките на другите органи на државната управа или во рамките на единиците на локалната самоуправа раководи раководен државен службеник чие звање одговара на организациониот облик на инспекциската служба утврдено со закон.

**Права и должности на функционерот кој раководи со инспекторатот**
**Член 15**

(1) Директорот донесува годишна програма за работа на инспекторатот и подготвува месечни планови за работа на инспекторатот.
(2)Директорот доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија на усвојување за работата на инспекторатот во претходната година, најдоцна до крајот на јануари во тековната година.
(3) Годишниот извештај од ставот 2 на овој член директорот го доставува и до Инспекцискиот совет.
(4) Директорот на инспекторатот ги распоредува инспекторите.

**Инспекциски совет**
**Член 16**

(1) Заради меѓусебна координација и поголема ефикасност на инспекциските служби се формира Инспекциски совет како постојано меѓуресорско тело кое го координира министерот за правда преку директорот на Државен управен инспекторат.
(2) Членови на Инспекцискиот совет се директорите на инспекторатите.
(3) За одредени прашања од своја надлежност, Инспекцискиот совет може во својата работа да вклучи и претставниции од другите инспекциски органи, експерти од соодветна област, претставници на здруженија и фондации.
(4) Делокругот на работа на Инспекцискиот совет е координирање на работата на инспекциските служби, разгледување на прашања во врска со работењето на инспекциските служби, координација на стручното оспособување и усовршување на инспекторите, изготвување на мислења за законите и другите прописи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, информирање на јавноста за работата на инспекциските органи.
(5) Инспекцискиот совет за својата работа донесува деловник.
(6) Инспекцискиот совет за својата работа ја известува Владата на Република Македонија најмалку два пати годишно.
(7) Заради остварување на функцијата на координација инспекцискиот совет може да бара од инспекциските органи да му доставуваат периодични извештаи за својата работа.
(8) Административно -стручните работи за Инспекцискиот совет ги врши Државен управен инспекторат.

**Инспекциска статистика**
**Член 17**

(1) Инспекциските органи за вршењето на инспекцискиот надзор задолжително водат посебна статистика за податоците што се однесуваат на инспекцискиот надзор (во натамошниот текст: инспекциска статистика).

(2) Инспекциските органи за податоците кои се однесуваат на инспекциската статистика се должни да достават извештаи на секои шест месеци до Инспекцискиот совет.
(3) Формата, содржината и начинот на водење на инспекциска статистика, како и содржината на извештаите од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за правда.

## IV. СТАТУС НА ИНСПЕКТОРИТЕ

### Услови за вршење на должноста инспектор
### Член 18

(1) Инспектор може да биде лице кое ги исполнува општите услови утврдени во Законот за државните службеници или со друг закон и да има положено стручен испит за инспектор.
(2) Инспекторот има право и должност стручно да се оспособува за извршување на своите работи и задачи во согласност со Годишната програма за специјализирана обука во областа на инспекцискиот надзор, која ја донесува директорот, односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот.
(3) Програмата од став (2) на овој член директорот, односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот ја донесува најдоцна до 31декември во тековната година, а за наредната година.
(4) Инспекторот има право на зголемен износ на плата од 20% во однос на платата определена во Законот за државните службеници.

### Стручен испит за инспектор
### Член 19

(1) Стручниот испит за инспектор се спроведува преку полагање на испит за проверка на знаењето, според Програма за стручен испит за инспектор, што на предлог на директорот ја донесува министерот, односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот
(2) Со испитот се утврдува дали инспекторот поседува стручни знаења за самостојно извршување на инспекцискиот надзор.
(3) Стручниот испит за инспекторот е составен од областа на:
- управната постапка и управниот спор;
- прекршочната постапка;
- постапката на инспекцискиот надзор и
- материјални закони од негова надлежност.

## Испитна комисија
## Член 20

.

(1) Стручниот испит го спроведува Комисија за спроведување на стручниот испит за инспектор (во натамошниот текст: Испитна комисија), која ја формира министерот односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот во чиј состав е инспекцискиот орган. Испитната комисија брои пет члена со мандат од три години.
(2) Испитната комисија е составена од по еден раководен државен службеник од Агенцијата за државни службеници и Министерството за правда , два раководни државни службеника од инспекцискиот орган и еден член од високообразовна научна институција поврзана со надлежностите на инспекцискиот орган, сите со најмалку пет години работно искуство во својата област. Во зависност од потребата Комисијата може да биде составена и од раководни државни службеници од другите министерства.
(3) Два члена на Испитната комисија треба да се дипломирани правници. Претседателот на Испитната комисија е од редот на раководните државни службеници во Инспекторатот.
(4) Испитната комисија за својата работа донесува деловник.
(5) На членовите на Испитната комисија им следува надоместок што го определува министерот.

## Повторно полагање на испитот
## Член 21

(1) Инспекторот кој не се согласува со оценката на Испитната комисија може веднаш, а најдоцна во рок од три дена по објавувањето на оценката да поднесе приговор до Испитната комисија.
(2) По приговорот инспекторот има право повторно да полага испит најдоцна во рок од три дена пред друга комисија формирана од министерот.
(3) Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од претседателот на Испитната комисија и два нови члена кои треба да ги исполнуваат условите од членот 20 став 2 на овој закон.
(4) За претседателот на Комисијата од ставот 2 на овој член се определува еден од новите членови.
(5) Ако инспекторот не го положи стручниот испит за инспектор не може самостојно да врши надзор, односно може да биде прераспореден да врши други работни задачи кои одговараат на неговата стручна спрема.

## Потврда за положен испит
## Член 22

(1) Инспекторот кој на испитот е оценет позитивно добива потврда дека го положил испитот (во натамошниот текст:потврда).
(2) Потврдата ја потпишува претседателот на Комисијата.
(3) Потврдата се издава на инспекторот веднаш по положувањето на испитот, а најдоцна во рок од осум дена.

**Евиденција за полагање на стручниот испит**
**Член 23**

(1) Министерството, односно органот на државната управа, организациите утврдени со закон или другите државни органи, односно општините водат евиденција за бројот на пријавите за стручен испит за инспектор и за бројот на положените стручни испити за инспектор.
(2) Во евиденцијата од став (1) на овој член се содржат и податоци за:
- име и презиме на кандидатот;
- адреса на живеалиштето на кандидатот;
- стручен назив;
- назив на органот каде кандидатот е вработен.

(3) Податоците од евиденцијата од ставовите (1) и (2) на овој член се користат за издавање на документи за положен стручен испит за инспектор.
(4) Евиденцијата од ставот 1 на овој член се чува трајно.

**Статус на инспекторот**
**Член 24**

(1) Инспекторот може да биде со звање:
- помлад инспектор;
-инспектор;
-виш инспектор;
-главен инспектор; и
- генерален инспектор.

(2) Помлад инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за звањето соработник од Законот за државните службеници и има положено стручен испит.
(3) Инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за звањето советник од Законот за државните службеници и има положено стручен испит.
(4) Виш инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на одделение од Законот за државните службеници и има положено стручен испит.
(5) Главен инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на сектор од Законот за државните службеници и има положено стручен испит.
(6) Генерален инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за звањето државен советник од Законот за државните службеници и има положено стручен испит.

**Прераспоредување на инспектор**
**Член 25**
Инспекторот не може без негова согласност да биде распореден на друго работно место, во истиот или во друг орган кое нема инспекциски овластувања и одговорности, освен во случаите утврдени со закон.

## V. ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

### Обврски на инспекторот
### Член 26

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има обврска да:

1) разгледува иницијативи за поведување на постапка на инспекциски надзор и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;

2) го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, освен ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

3) се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;

4) состави записник за извршениот инспекциски надзор;

5) чува тајноста на класифицирани податоци;

6) постапува законито, навремено и во согласност со етичкиот кодекс на државните службеници; и

7) да го положи стручниот испит за инспектор.

### Овластувања на инспекторот
### Член 27

(1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен да:

1) проверува општи и поединечни акти, фајлови, документи, докази и информации во обем според предметот на инспекцискиот надзор, како и да побара од субјектот на надзорот или неговите овластени вработени да подготват потребни копии и документи изработени на странски јазик да бидат преведени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и заверени од овластен судски преведувач;

2) врши надзор во деловните простории и други простории кои не се користат како живеалиште, над превозни средства и производи;

3) проверува идентификациони документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет во согласност со закон;

4) бара од субјектот на надзорот или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на инспекцискиот надзор;

5) бара од субјектот на надзорот или неговите вработени да ги достават податоците за нивните добавувачи со кои располагаат;

6) бара стручно мислење кога е тоа потребно за инспекцискиот надзор;

7) зема примероци без надомест за натамошни тестови или проверки во случаи определени со закон или друг пропис;

8) ги контролира активностите на субјектот на надзорот при продажба на производи или давање услуги;

9) обезбеди звучни и видео записи кои можат да бидат искористени во инспекцискиот надзор;

10) врши попис на затекнатите стоки во деловниот објект и

11) обезбеди други потребни докази.

(2) Ако е оправдано потребно да се одземат или привремено да се чуваат производите, досиејата или документите, инспекторот може:

1) да побара од субјектот на надзорот или од лице вработено кај истото што има овластување за тоа, да отвори и дозволи пристап во која било просторија, затворен сад, машина или средства;
2) да побара од кое било лице кое има овластување за тоа, да декодира код или машина со цел да се отклучи, ослободи или на друг начин да обезбеди пристап до кое било досие (вклучително и компјутерско досие), простории, затворен сад или машина.
(3) Идентичноста на копијата со оригиналот на фајловите, документите, доказите и информациите ја потврдува субјектот на надзорот со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.
(4) Ако во вршењето на инспекцискиот надзорот инспекторот утврди недостатоци за чие отстранување не е надлежен, записнички ги констатира и го известува надлежниот орган.
(5) Инспекторот по извршениот инспекциски надзор може да се консултира со субјектот на надзорот за поефикасно отстранување на утврдените недостатоци.
(3) Инспекторот е овластен да покрене и води постапка за порамнување, посредување, медијација и прекршочна постапка во согласност со закон.

**Права и обврски за отстранување на неправилностите**
**Член 28**

(1) Заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот е овластен и обврзан на субјектот на надзорот да му:

1) укаже на утврдените недостатоци и да определи рок за нивно отстранување;
2) нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот;
3) привремено да забрани вршење на дејност или други активности;
4) одземе привремено предмети и средства со кои е сторено кривично дело, до завршување на таа постапка;
5) изрече глоба , во согласност со закон и друг пропис;
6) поднесе барање за поведување на прекршочна постапка;
7) поднесе кривична или друга соодветна пријава;

(2) Заради отстранување на утврдените неправилности инспекторот може да врши и други овластувања и одговорности во согласност со закон.

**Известување на надлежниот орган**
**Член 29**

(1) Ако во вршењето на инспекцискиот надзорот инспекторот утврди недостатоци за чие отстранување не е надлежен, записнички ги констатира и го известува надлежниот орган.
(2) Инспекторот по извршениот инспекциски надзор може да се консултира со субјектот на надзорот за поефикасно отстранување на утврдените недостатоци.

## VI ПРАВА И ОБВРСКИ НА СУБЈЕКТОТ НА НАДЗОРОТ

### Општа обврска на субјектот на надзорот
### Член 30

Субјектот на надзорот е должен да постапи по предлогот, односно наредбата на инспекторот.

### Обврска на субјектот на надзорот во постапката на инспекцискиот надзор
### Член 31

(1) Субјектот на надзорот е должен на инспекторот да му овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор, да стави на увид исправи и податоци кои се потребни за вршење на надзорот.
(2) Субјектот на надзорот е должен на инспекторот да му ги обезбеди условите неопходни за непречена работа и утврдување на фактичката состојба;
(3) Ако субјектот на надзорот на инспекторот не му овозможи во определениот рок пристап до просториите, производите, документите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор, ќе се смета дека се попречува надзорот.
(4) Субјектот на надзорот кај кој се врши инспекцискиот надзор е должен на барање на инспекторот да го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку инспекторот на друг начин не може да го изврши надзорот и да ја утврди фактичката состојба.
(5) Инспекторот може од субјектот на надзорот да побара да изврши некоја активност во инспекциската постапка поради целосно утврдување на фактичката состојба и да определи рок за извршување на таа активност.
(6) Субјектот на надзорот е должен на писмено барање на инспекторот, во рок определен со барањето, на инспекторот да му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.

### Права на субјектот на надзорот во постапката на инспекциски надзор
### Член 32

(1) Субјектот на надзорот има право да дава изјави на записник и да дава забелешки во однос на законитоста на постапката на инспекцискиот надзор, односот на инспекторот или точноста на утврдената фактичка состојба.
(2) Субјектот на надзорот има право да одбие да го потпише записникот, ако не се согласува со фактите кои се наведени во записникот или ако му е оневозможено правото од ставот 1 на овој член.
(3) Одбивањето да се потпише записникот не го спречува понатамошното водење на постапката на инспекцискиот надзор.

**Одговорни лица во постапката на вршење на надзорот**
**Член 33**

(1) За непречено вршење на инспекцискиот надзор и за извршување на изречените мерки одговара субјектот на надзорот и одговорното лице во субјектот на надзорот.
(2) Субјектот на надзорот, односно одговорното лице во субјектот на надзорот должно е во рок од три дена од истекот на рокот определен за извршување на мерката, писмено да го извести инспекторот дали се извршени наредените мерки.

**Обврски за другите лица**
**Член 34**

(1) Лицето кое не е субјект на надзорот во постапката на вршење на инспекциски надзор е должно да овозможи вршење на инспекциска проверка кога постои основано сомневање дека во неговите простории и објекти се врши дејност или се наоѓаат предмети кои се во врска со инспекцискиот надзор.
(2) Доколку лицето од ставот 1 на овој член не дозволи вршење на инспекциска проверка, кон него ќе се применуваат овластувањата кои инспекторот ги има кон субјектот на надзорот.

## VII ПОСТАПКА НА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Видови на инспекциски надзор**
**Член 35**

(1) Доколку со закон поинаку не е уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:
- редовен инспекциски надзор;
- вонреден инспекциски надзор; и
- контролен инспекциски надзор.

(2) Редовниот инспекциски надзор опфаќа надзор над спроведувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите.
(3) Вонредниот инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).
(4) Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

-постапила по решението во целост;
-делумно постапил по решението; или
-не постапил по решението.

**Правила на постапката**
**Член 36**

Постапката на инспекцискиот надзор се води во согласност со овој закон, посебните закони и Законот за општата управна постапка.

**Вршење на надзор без присуство на субјектите на надзорот**
**Член 37**

(1) Ако инспекторот на денот на кој го најавил инспекцискиот надзор, не го затече одговорното лице кај субјектот на надзорот или физичкото лице кај кое е потребно да се изврши инспекцискиот надзор, инспекторот на местото на надзорот ќе му остави покана во определено време да биде присутен заради вршење на надзорот.
(2) Подоцнежното оштетување, уништување или отстранување на поканата не влијае на исправноста на доставувањето.
(3) Ако лицето од ставот 1 на овој член не се јави на поканата, инспекторот ќе изврши надзор во присуство на службено или друго лице.

**Попречување на инспекторот**
**Член 38**

(1) Инспекторот ќе го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Ако инспекторот процени дека инспекцискиот надзор не може да се изврши ни со преземање на мерките од ставот 1 на овој член, ќе побара асистенција од полицијата под услови и во постапка пропишана со закон.

**Должност за соработка на полицијата**
**Член 39**

На повика на инспекторот, полицијата е должна веднаш да ги преземе мерките кои на инспекторот ќе му овозможат непречено вршење на надзорот.

**Соработка со другите институции и експерти**
**Член 40**

Инспекторот може, во рамките на инспекциската постапка, да побара мислење и соработка на стручни институции, односно соодветни експерти, доколку тоа е потребно за правилно утврдување и процена на фактичката состојба.

**Записник**
**Член 41**

(1) За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник, на местото на вршење на инспекцискиот надзор. По исклучок кога поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околности не е можно да се состави записник во текот на инспекцискиот надзор, записникот се составува во службените простории на инспекцискиот орган во рок од три дена од денот на надзорот.
(2) Во записникот се внесува: назив на инспекциската служба која го врши надзорот, местото, денот и часот кога се врши надзорот, предметот на надзорот, имињата на инспекторите, на присутните лица и нивните застапници и полномошници.
(3) Записникот мора да биде составен јасно и разбирливо.
(3) Записникот треба да содржи приказ на утврдената фактичка состојба при инспекцискиот надзор.

**Констатирање на фактите во текот на постапката**
**Член 42**

Во записникот за извршениот инспекциски надзор се констатираат забелешките, изјавите и барањата за изземање и други релевантни факти и околности.

**Потпишување на записникот во текот на инспекцискиот надзор**
**Член 43**

(1) Инспекторот и субјектот на надзорот го потпишуваат записникот по завршувањето на инспекцискиот надзор.
(2) Ако субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе ги наведе причините за одбивањето.
(3) На субјектот на надзорот му се дава или му се доставува копија од записникот.

**Инспекицски надзор кај непознати субјекти**
**Член 44**

(1) Во случаите кога инспекторот не може да утврди кој е субјектот на надзорот во постапката, инспекторот на местото на надзорот ќе остави покана до непознат субјект на надзорот во определен ден и час да биде присутен на вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Ако непознатиот субјект на надзорот не се јави на поканата од став 1 на овој член, инспекцискиот надзор ќе се изврши без присуство на субјектот на надзорот во присуство на службено или друго лице.
(3) Ако инспекторот во текот на инспекцискиот надзор утврди постоење неправилности, со решение ќе нареди на непознатиот субјект на надзорот отстранување на неправилностите и ќе определи рок за извршување на решението.
(4) Во случајот од став 3 на овој член, решението ќе се прикачи на видно место на објектот или премдетот кој бил предмет на инспекцискиот

надзор, со што се смета дека доставата е уредна, кое нешто ќе се констатира во записникот.

**Заклучок и решение**
**Член 45**

Во постапката на инспекцискиот надзор инспекторот донесува заклучок и решение.

**Заклучок**
**Член 46**

(1) Со заклучок се решава за прашањата на постапката кои ќе се појават во текот на инспекцискиот надзор.
(2) Писмен заклучок се донесува само во случаите кога на заклучокот е дозволена жалба.
(3) Заклучок од став 2 на овој член не се донесува ако субјектот на надзорот се откаже од правото на жалба на записник.
(4) Ако при инспекцискиот надзор не се утврдени недостатоци или утврдените недостатоци се отстранети во текот на инспекцискиот надзор, односно до донесувањето на решението од став (3) на овој член, инспекторот за тоа задолжително донесува заклучок за прекинување на постапката.
(5) Против заклучокот од став (4) на овој член незадоволната странка има право на жалба или друго вид правна заштита.

**Решение**
**Член 47**

(1) Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој недостатокот треба да се отстрани.
(2) Ако со закон е предвидено дека за утврдената неправилност може да се определи инспекциска мерка, инспекторот е должен со решението да ја определи таа мерка.
(3) Инспекторот решението од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.
(4) По исклучок од ставот 1, инспекторт може да изрече управни мерки со усно решение на записник, кога ќе оцени дека тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, имотот од поголема вредност или кога е во прашање заштита на друг вид на јавен интерес.
(5) Во случајот од став 4 на овој член, инспекторот е должен во рок од три дена од денот на изрекување на усното решение да донесе писмено решение.

**Правно средство**
**Член 48**

(1) Против решението на инспекторот може да се изјави жалба,во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со посебен пропис не е предвиден пократок рок.
(2) По жалба против одлуките на инспекторот во инспекторат одлучува посебна комисија при министерството составена од 3 члена кои ги именува министерот.
(3) По жалба против одлуките на инспекторот во другите инспекциски органи и единиците на локална самоуправа одлучува посебна комисија од три члена именувани од функционерот на органот односно градоначалникот.

**Објавување на инспекциски акти**
**Член 49**

(1) Инспекциските органи ги објавуваат инспекциските акти на својата веб страница во рок од два дена од денот на донесување на актите од член 45 на овој закон.
(2) Видот и обемот на инспекциските акти, како и начинот на нивно објавување на веб страницата на инспекцискиот орган се уредува со акти на инспекцискиот совет.

**Евиденција**
**Член 50**

(1) За извршените инспекциски надзори и преземените инспекциски мерки инспекторот води евиденција.
(2) Формата, содржина, и начин на водење на евиденцијата од став (1) на овој член на предлог на директорот, ги пропишува министерот кој раководи со министерството во чиј состав е инспекторатот, а за евиденцијата која ја води инспекторот од организационата единица организирана како инспекциска служба, ја пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа, организацијата утврдена со закон или друг државен орган, односно градоначалникот.

**Службена легитимација**
**Член 51**

(1) Инспекторот има службена легитимација со која го докажува своето својство, идентитет и овластувања.
(2) Формата и содржината на обрасците на легитимацијата, изгледот на знакот ги на предлог на директорот, ги пропишува министерот кој раководи со министерството во чиј состав е инспекторатот, а за инспекторот од организационата единица организирана како инспекциска служба ги пропишува функционерот кој раководи со органот на

државната управа, организацијата утврдена со закон или друг државен орган, односно градоначалникот.

## VIII ПОСЕБНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

### Земање примерок
### Член 52

Инспекторот може да зема примерок, доколку во постапката на инспекцискиот надзор е потребно да се утврди дали производите во производството или во продажбата одговараат на пропишаниот состав односно квалитет.

### Постапка за земање на примерок
### Член 53

При земањето на примерок инспекторот е доклжен да:

1) во исти услови и во исто време земе најмногу три примерока во количина потребан за испитување (за прва анализа, за втора анализа по барање на субјектот на надзорот, и за супер анализа);
2) состави записник за земањето на примерок;
3) примероците ги запешати и прописно да ги означи;
4) го достави без одлагање примерокот за првата анализа до институција стручна за вештачење, а вториот и третиот примерок да ги чува во соодветни услови;
5) го извести писмено и без одлагање субјектот на надзорот за резултатите од анализата;
6) го достави без одлагање вториот примерок на анализа до друга стручна институција на барање на субјектот на надзорот;
7) утврди со посебен заклучок износот на трошоците кои настанале во текот на постапката во врска со анализата на примероците, во случај кога примерокот не соодветствува со пропишаните стандарди.

### Претпоставка за согласност
### Член 54

Ако субјектот на надзорот при земањето на примерокот за анализа не бара истовремено земање на примерок за втора анализа, неможе да ги оспорува резултатите од добиената анализа.

### Оспорување на резултатите од анализата
### Член 55

(1) Субјектот на надзорот може да ги оспорува резултатите од анализата на првиот примерок со барање за вршење на анализа на вториот

примерок (земен во исто време и на ист начин), во рок од три дена од денот на доставувањето на резултатите од анализата на првиот примерок.
(2) Се претпоставува дека субјектот на надзорот е согласен со резултатите од анализата на првиот примерок, доколку барањето од став 1 на овој член не го достави во пропишаниот рок.
(3) Ако резултатите од анализата на вториот примерок не се во согласност со резултатите од анализата на првиот примерок, за правно валидна ќе се смета анализата на вториот примерок.
(4) Анализата на вториот примерок не може да и се довери на стручната институција која ја извршила анализата на првиот примерок.

**Супер анализа**
**Член 56**

(1) Ако инспекторот не се согласува со резултатите од анализата на вториот примерок, може во рок од три дена од приемот на овие резултати да бара вршење на супер анализа, освен ако резултатите од анализата на првиот и вториот примерок се исти.
(2) Супер анализата не може да ја врши стручна институција која ги вршела претходните анализи, освен ако нема други институции за вршење на тие анализи и ако инспекторот и субјектот на надзорот се согласат анализата да се довери на една од институциите која веќе вршела анализа.

**Трошоци од анализата**
**Член 57**

(1) Трошоците од анализата ќе ги сноси субјектот на надзорот, ако се утврди дека земените примероци не одговараат на пропишаните стандарди.
(2) Трошоците од анализата ќе ги сноси надлежниот инспекциски орган, ако се утврди дека примероците одговараат на пропишаните стандарди.

**Привремено одземање на предмети заради обезбедување на докази**
**Член 58**

(1) Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, да одземе документи, стока и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка.
(2) Одземањето на предметите од ставот 1 на овој член трае до донесувањето на правосилна одлука во постапката.

**Задолжително одземање на предмети**
**Член 59**

Инспекторт е должен привремено да одземе предмети, кога е пропишано нивното задолжително одзимање, кога со нив е сторен прекршок, кривично дело или стопански престап или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици.

**Задолжително издавање на потврда за привремено одземени предмети**
**Член 60**

(1) Инспекторот му издава потврда на субјектот на надзорот од кого привремено се одземаат предмети.
(2) Потврдата од став 2 на овој член содржи: податоци за името и презимето, односно називот на субјектот на надзорот, времето и местото на одземање на предметите, правниот основ за одземање на предметите, точно назначување на одземените предмети по вид, количество и други податоци потребни за идентификација на одземените предмети и име и презиме на инспекторот.

**Обврска за предавање на одземените предмети на надлежните органи**
**Член 61**

(1) Привремено одземените предмети или стока, со соодветно барање за поведување на постапка, инспекторот ги предава на надлежниот судски, прекршочен или друг орган.
(2) Барањето за поведување на постапка од ставот 1 на овој член инспекторот го поднесува во рок од 48 саати од часот на привремено одземање.
(3) Надлежниот судски, прекршочен и друг орган е должен, во случаите од став 1 на овој член да одлучи по итна постапка.

**Обезбедување на услови за привремено одземање на предмети**
**Член 62**

(1) Надлежниот инспекцкиски орган е должен да обезбеди условиза чување на привремено одземените предмети или стока до нивното предавање на органот надлежен за водење на соодветната постапка.
(2) Органот надлежен за водење на судска, прекршочна и друга постапка, должен е да ги превземе одземените предмети и стока на чување до конечната одлука, и да издаде потврда за превземените предмети и стока.

**Забрана за располагање со привремено одземените предмети**
**Член 63**

(1) Со привремено одземените предмети однсоно стока, надлежниот инспекциски или друг државен орган не може да располага, освен ако со овој закон или со друг пропис поинаку не е утврдено.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член доколку одземените предмети или стока се подложни на кварење, живтоните на изумирање или ако се огромни трошоците за нивно чување или нивното чување е отежнато, инспекторот може со заклучок да определи истите да бидат продадени, за што е должен да го извести органот надлежен за водење на постапката.
(3) Начинот и продажбата на предметите односно стоката го пропишува функционерот на органот во кој се наоѓа инспекцискиот орган.
(4) Парите добиени во смисла на став 2 од овој член се депонираат се до одлуката на надлежниот орган.

**Одговорност за надомест на штета на субјектот на надзорот**
**Член 64**

(1) Ако поради избор на неефикасен начин или несовесност на надлежниот орган кој е должен да ги обезбеди привремено одземените предмети или стока, и истите се искварени или животните изумрат или на друг начин настане материјална штета за субјектот на надзорот, настанатата штета должен е да ја надомести тој орган.
(2) Штетата која настанала во смисла на став 1 на овој член нема да му се надомести на субјектот на надзорот ако со судска одлука или во друга постапка во која се решава за привремено одземените предмети или стока, биде утврдена одговорност на субјектот на надзорот.

**Забрана за вршење на дејност**
**Член 65**

(1) Кога инспекцискиот орган ќе утврди неправилности од поголем обем или неправилности со кои се загрозува животот или здравјето на луѓето или на животната средина и во други случаи определни со закон, инспекторот ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства, до отстранување на неправилностите.
(2) Инспекторт ќе им наложи на правните лица кои вршат јавни услуги (снабдување со вода, со електрична енергија, телекомуникации и сл.) да прекинат со испораката односно со давањето соодветни услови на субјектот на надзорот неопходни за извршување на неговата дејност.
(3) Правното лице од ставот 2 на овој член должно е да постапи по наредбата на инспекторот.

## IX ОДНОСИ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИ

**Соработка на органите**
**Член 66**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекциските органи се должни да соработуваат меѓусебно и да соработуваат со другите органи и организации.

(2) Државните органи, органите на локалната самоуправа и другите органи и организации се должни, на барање на инспекторот, да ги доставaт бараните податоци и известувања кои се неопходни за остварување на нивната функција.

**Итна постапка**
**Член 67**

(1) Постапката по барњата и пријавите на инспекторите е итна.
(2) Надлежниот орган е должен веднаш а најдоцна во рок од осум дена од денот на поднесување да ги земе во разгледување барањата и пријавите на инспекторите.

**Должност за известување за резултатите од постапката**
**Член 68**

Органот до кој е поднесена кривична пријава, барање за поведување на прекршочна постапка или барање за поведување на друга соодветна постапка должен е за резултатите од постапката да го извести надлежниот инспекциски орган

## X ТРОШОЦИ ОД ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

**Трошоци на постапката**
**Член 69**

(1) Трошоците од инспекциската постапка која е завршена во корист на субјектот на надзорот ги сноси инспекцискиот орган, доколку со закон поинаку не е определено.
(2) Трошоците од инспекциската постапка која неповолно е завршена за субјектот на надзорот ги сноси субјектот на надзорот, доколку со закон поинаку не е определено.
(3) За трошоците на постапката кои се познати во моментот на донесувањето на решението се одлучува во самото решение, а доколку трошоците не се познати во овој момент се одлучува со посебен заклучок.

## XI ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 70**
(1) Инспекцискиот надзор може да се врши истовремено од страна на повеќе инспекциски органи.
(2) Заеднички инспекциски надзор се врши задолжително ако:
1) тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност;
2) тоа е неопходно за превземање на итни мерки кои нетрпат одлагање;
3) тоа е неопходно заради сложеноста на надзорот или значењето за отстранување на недостатоците;

4) тоа е неопходно за контрола на објекти од посебно значење за туризмот, трговијата, угостителството, сообраќајот и друго, заради земање на примерок од стока и други предмети чија контрола е во надлежност на повеќе инспекции;

5) се оцени дека надзорот на тој начин може да се изврши побрзо и со помалку трошоци и губење на време на субјектот на надзорот и инспекторите;

6) тоа е неопходно за разгледување на наводи во иницијатива или поплака, а тоа е во надлежност на два или повеќе органи на управата;

7) и во други случаи кога тоа е пропишано.

(3) Инспекцискиот совет ќе го координира и ќе го пропише начинот и условите на вршење на заеднички инспекциски надзор.

### Соработка во заеднички надзор
### Член 71

Заради вршење на заеднички надзор инспекциските органи се должни особено да:

1) ги усогласат програмите и плановите за работа и да го планираат заедничкото вршење на надзорот;
2) разменуваат искуства и да ги усогласуваат ставовите за начинот и методите на работа и други прашања;
3) одржуваат заеднички состаноци, кнсултации, советувања и други облици на меѓусобна соработка;
4) ги известуваат другите органи за спроведувањето на прописите од нивната надлежност за кои ќе дознаат во вршењето на надзорот.

## XII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочна одговорност за физички и правни лица
### Член 72

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за:

- Не доставување или не подготвување во рок определен на инспекторот на точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор спротивно на член 31 став (6) од овој закон;
- Попречување или оневозможување на влезот на инспекторот во објектите, просториите или средствата за работа спротивно на член 31 став(3) од овој закон;
- Оневозможување на инспекторот непречено вршење на надзорот спротивно на член 31 став (1) на овој закон,
- Непочитување на изречените мерки од инспекторот спротивно на член 30 од овој закон;

Глоба во износ од 1000 евра за сторен прекршок ќе му се изрече и на одговорното лице на правното лице, за сторените прекршоци од став 1 на овој член.

Глоба во износ од 1000 евра за сторен прекршок ќе му се изрече на физичко лице, за сторените прекршоци од став 1 на овој член.

Глоба за сторен прекршок од став 1 на овој член може да се изрече и повеќе пати едноподруго.

**Прекршочна одговорност за пријавувачот**
**Член 73**

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое на инспекциската служба ќе и поднесе лажна пријава.

## XIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Конституирање на инспекцискиот совет**
**Член 74**

Инспекцискиот совет ќе ја одржи првата седница во рок од два месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Примена на законот за започнати постапки**
**Член 75**

Инспекциските постапки кои започнале пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според прописите кои важеле пред неговото влегување во сила.

**Усогласување на законите**
**Член 76**

Органите од членот 1 став 2 на овој закон ќе ги усогласат своите закони со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на отпочнување на примената на овој закон.

**Усогласување на актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места**
**Член 77**

Органите од член 1 став 2 од овој закон актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот неговото влегување во сила.

**Донесување на под законските акти**
**Член 78**

Органите од членот 1 став 2 на овој закон се должни под законските акти предвидени со овој закон да ги донесат најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Влегување во сила**
**Член 79**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.